АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 08-105/1
20.01.2016 год.
СКОПЈЕ

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр 12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

**До:** Друштва за осигурување

**Циркуларен допис**

**Предмет:** Објава на услови за осигурување

Почитувани,

Согласно член 50 став (1) точка 3) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015 и 192/2015), друштвото за осигурување е должно, при склучување на договорот за осигурување да го извести осигуреникот за општите и посебни услови кои се применуваат на договорот за осигурување. Исто така, согласно член 51 став (1) точка 2) од Законот за супервизија на осигурување, друштвото за осигурување е должно да го извести осигуреникот за промена на податоците од член 50 од истиот закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, а со цел исполнување на обврската за транспарентност кон осигурениците, потребно е, најдоцна до 15.02.2016 година, на официјалната веб страна на друштвото да објавите пречистен текст на општите и посебни услови за осигурување, за секоја класа на осигурување за која друштвото има добиено дозвола за вршење работи на осигурување од Агенција за супервизија на осигурување, како и сите составни делови на условите (пр.: Табела за определување инвалидитет).

Покрај наведеното, потребно е, секоја измена на општите и посебни услови за осигурување, да се објавува на официјалната веб страна на друштвото, со тоа што ќе се објави направената измена посебно и пречистен текст на изменетите услови за осигурување.

Откако условите за осигурување за секоја класа на осигурување ќе бидат објавени, потребно е за истото да ја известите Агенцијата за супервизија на осигурување на contact@aso.mk, со доставување на линк до објавените услови за осигурување.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Извршен член на Советот на експерти**
Зоран Стојановски